**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Регулаторна Комисија за Домување**

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Komisioni Rregullator për Banim

**До:** "ЕМ ГРУП ДИВЕЛОПМЕНТ" ДООЕЛ Скопје
Ул."Владимир Комаров" бр.14 Б Скопје
1000 Скопје

**Наш број:** Уп.08-02
**Дата:** 31.01.2025 г

**Предмет:** Решение за продолжување на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради

Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015 и бр.31/2016 и бр.64/2018) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020, бр.150/22 и бр.224/24) и врз основа на член 5 став 2 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), постапувајќи по барањето на "ЕМ ГРУП ДИВЕЛОПМЕНТ" ДООЕЛ Скопје, за продолжување на лиценца за вршење на дејностите на управување со станбени згради, на седницата одржана на 31-01-2025 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА
### ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ
### НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. На "ЕМ ГРУП ДИВЕЛОПМЕНТ" ДООЕЛ Скопје, му се продолжува лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради.
2. За продолжување на лиценцата од став 1, фирмата "ЕМ ГРУП ДИВЕЛОПМЕНТ" ДООЕЛ Скопје, се задолжува да плати надоместок во висина од 150 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на уплатата, со цел на дознака: надоместок за лиценца, назив на примачот: Регулаторна комисија за домување – Скопје, сметка на примачот: 020096159063116, приходна шифра:725939, програма 20
3. Правата и обврските на управителот за вршење на дејностите на управување со станбени згради се определени со член 19 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012 бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016 и бр.64/2018) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020, бр.150/22 и бр.224/24)
4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето

Образложение

"ЕМ ГРУП ДИВЕЛОПМЕНТ" ДООЕЛ Скопје, до Регулаторната комисија за домување поднесе Барање со наш бр.Уп.08-02 од 27.01.2025 год. за продолжување на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради, со прилог:

- Доказ за регистрација во Централниот регистар на РСМ

- Тековна состојба на вистински сопственици на субјект
- Доказ за три вработени лица (М1 и М2 образец за еден дипломиран правник, еден дипломиран економист, две лица со завршено средно образование и едно лице со основно образование)
- Изјава за веродостојност на податоците заверена на Нотар

Поднесеното барање со приложената потребната документација беше разгледано од Регулаторната комисија за домување и беше констатирано дека “ЕЛЦИ ВЕКТОР” ДООЕЛ Штип, ги исполнува условите согласно член 10 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009,бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/1012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016 и бр.64/2018) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020, бр.150/22 и бр.224/24).

На ден 31.01.2025г. Регулаторната комисија за домување одржа редовна седница и донесе Решение за продолжување на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради на “ЕМ ГРУП ДИВЕЛОПМЕНТ” ДООЕЛ Скопје. Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Со почит,

Претседател
М-р Зоран Маџовски

Изготвил: Јасмина Петреска